

Војводата Дуко Тасев во 1882 година одел како јатак во четата на  Михаиле. Четата често престојувала во село Подвис и во село Јудово.  Јанкесеџиите од село Другово разбрале дека четата се задржува во тие  села и тргнале во потера, дружина од 40 души. Потерата во Јудово, во  куќата на Дуко, ја затекнала четата на Михаиле. Започнала борба.

*„Наскоро тројца Турци паднаа убиени, а нивниот главатар Мислим-ага беше тешко ранет. Тој ја растрои потерата и тие побегнаа, а четата без жртви се повлече од селото. Сите ајдути беа од нашите села, па тој судир ги исплаши месните Турци“ , вели Дуко Тасев.*

По оваа случка е испеана песната за судирот во Јудово помеѓу ајдутите и потерџиите. Нејзината содржина е следна:

*Крв се леит во Јудово, абер немат во Другово.*
*Една жена Мислимица, абер стори во Другово:*
*„Ај друговци, бре друговци, што стоите,што гледате,*
*што н’фаќате пусијата?!*
*Мислим-ага и сардиса кумитите во Јудово.*
*Шишко Стефо од Порече, Дели Ињо од Илину,*
*Кир Михаил од Латово“*

*„Ај ти тебе Мислим-ага, ја излези на пенџере,*
*да те видам с'едно око. Чија жена ти караше,*
*чиј ковчег разбиваше, чии алишта прибираше?!"*
*Мислимица ми отиде, ми отиде во Другово,*
*на друговци им велеше:*
*„Ај ми вие бре друговци, што стоите, што чекате,*
*што н'прегнете четвор кола, четвор кола, два бивола,*
*да крените Мислим-ага,*
*Мислим-ага од Јудово".*